РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 12.03.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 11 | 5 | | |

До:

2. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ул. Македонија бр.38 1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање
Врска: Наш бр.УП1- бр.1405-434/2 од 26.02.2025 г.

Врз основа на Вашето барање, Ве известуваме за следното:

Правниот субјект Трговско радио... ...зно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-КАБЕЛ НЕТ ДОО При... има уредна потврда за извршена регистрација во регистаторот на нотифицирани субјекти при Агенцијата за електронски комуникации со ... услуги поврзани со радиодифузија - реемитување на телевизиски и радио програмски сервиси. Согласно тековната состојба, истиот субјект има подружница Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-КАБЕЛ НЕТ ДОО Прилеп ... ...овско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-КАБЕЛ НЕТ ДОО Прилеп

Агенцијата заелектронски комуникации решава спорови помеѓу претплатник и оператор како второстепен орган. Доколку имате проблем со операторот во однос на висока сметка или неквалитетна услуга, прво што треба да направите е да поднесете приговор до операторот во пишана форма. Приговорот може да го поднесете лично во операторот или електронски, доколку имате согласност за електронска комуникација во рок од 15 дена од денот на настанатата повреда, а операторот е должен да Ви достави писмен одговор во рок од 15 дена од денот на прием на Вашиот приговор. Доколку не сте задоволни од донесената одлука по приговорот имате право во рок од 15 дена од денот на прием на истиот до Агенцијата да доставите Барање за решавање на спор, или во рок од 35 дена доколку операторот не постапил по приговорот во рок од 15 дена.

До Агенцијата потребно е да ја доставите следнава документација:

- Формулар за приговор (Барање за решавање на спор, го има на нашиот веб www.aec.mk)
- Писмен приговор пратен до оператор
- Писмен одговор по приговор (доколку операторот Ви го доставил во рок од 15 дена од денот на поднесениот приговор до операторот)

Врз основа на наведената документација Агенцијата може да отпочне постапка за решавање на спор.

Документацијата може да ја доставите на еден од следниве начини

- По пошта на адреса, Агенција за електронски комуни...

- Лично во просториите на Агенцијата на горенаведената адреса или
- Електронски на contact@aec.mk и komuniciraj@aec.mk (документација скенирана и прикачена во PDF).

За секоја дополнителна информација можете да се обратите до контакт центарот на Агенцијата на бесплатниот телефонски број 190.

Дигитализацијата на сигналот во Македонија е започната во 2015г и е во процес на згаснување на аналогните сигнали.

Со почит,

ДИРЕКТОР
**Jeton Akiku**

Наш број бр.1405-434/3

Скопје 04.03. 2025 год

Доставено до: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врска: УПП 11- 5 од 19.02.2025г.